**Кои се Ромите?**

Ромите се Европски народ, но со Индиско потекло чии што претци ја напуштиле долината Гангеш, северна Индија, пред околу 800 години. Бројат околу 10 милиони, најчесто живеат во многу тешки услови и секојдневно се соочуваат со дискриминација.

**Која е нивната историја во Европа?**

Со векови Ромите биле протерувани од земјите, депортирани под закана да се соочат со санкции, вклучувајќи ја и смртната, ако останат, единствено поради тоа што се родени како Роми. Ромскиот народ секогаш морал да избега од насилствата и дискриминацијата, па каде и да се наоѓал.

На втори и трети август 1944, неколку илјади Роми и Синти се масакрирани во Циганскиот Логор во АуШвиц, Биркенау кампот.

За време на Холокаустот убиени се помеЃу 600.000 и 1,5 милион Роми. Во проценти, тоа ги прави Ромите етничка група која што е најмногу опфатена со убиствата на Нацистите. Над 90 проценти од ромската популација во Австрија, Германија и Естонија се убиени од фашистичкиот режим.

**Со кои проблеми ромскиот народ се соочува денес во Европа?**

Правата на Ромите во Европа се прекршуваат секојдневно. Ромските работници не можат да најдат работа, нивните деца не се прифаЌаат во училиштата. Нивните заедници често се сметаат за маргинализирани и традиционални, што значи дека страдаат од социјална исклученост.

Во реалноста Ромите можат да се сметаат за прв Европски народ, затоа што тие ги ,,преминаа,, европските граници многу пред да постојат многу интернационални договори и конвенции. Тие патувале насекаде низ Европа, збогатувајќи ја сопствената култура со културата на посетените земји, а со тоа збогатувајќи го и европското културно наследство.

**Зошто Советот на Европа, со финансиска помош од Европската Комисија ја води кампањата ДОСТА!**

Советот на Европа е чувар на човековите права и наша должност е да осигураме дека сечии права се почитуваат. Не само што Ромите треба да имаат систем за да ги осигураат нивните човекови права, туку исто така треба да бидат признаени како дел од европската култура.

Затоа, Советот на Европа, подржан од Европската Комисија; се две институции кои што ја прават кампањата за промена на односот - да потсетиме дека Ромите ги имаат истите права како и останатите Европејци. Ова е и парадоксот на кампањата: не треба да постои потреба од кампања за признавање на граѓанските или пак правата на малцинските групи. Ние ја водиме кампањата за да ги срушиме предрасудите, потенцирајќи го предизвикот за Европејцијте: ,,Надминете ги предрасудите: откријте ги Ромите!,,

За повеќе информаци:

www.dosta.org

**Која е целта на овој Медиумски Пакет?**

Медиумскиот пакет на Доста! Кампањата е инструмент дизајниран за новинарите за да им овозможи да дознаат повеќе за Ромите, да дојдат до контакти со Ромите преку листа на Ромски и не-Ромски НВО во нивните земји.

Медиумскиот пакет исто така содржи аудио-визуелен материјали кои што новинарите можат бесплатно да ги користат при нивното известување за Ромите.

Документите вклучени во овој пакет не треба да се набљудуваат како целосна слика за и онака комплексната култура и идентитет на Ромите, туку како почетна точка за да се започне контрибуција преку медиумите за да можат да пропагираат борба против предрасудите и стереиотипите кон Ромите.